СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ВИНИЦА

ГОДИНА LXIII Бр. 4	Виница 20 Април 2026г.	ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА

177

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Виница за 2026 година

1.Се објавува Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Виница за 2026 година, донесена на 8-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 16.04.2026 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-525/2
16.04.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002 и Сл.весник на РСМ бр. 202/24), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/05,4/08,103/08,156/09,95/10,180/11,171/12,192/15 и 167/16 и Сл.весник на РСМ бр. 151/21 и 3/25) и член 21 од Статутот на Општина Виница (Сл.гласник на Општина Виница бр.08/10, 12/14, 4/19 и 12/22), Советот на Општина Виница на 8-та седница одржана на 16.04.2026 г. донесе

О Д Л У К А
за проширување на средствата на Буџетот на Општина Виница
за 2026 година

член 1

Со оваа Одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Виница за 2026 година , на следниот начин:

Потпрограма / Потставка		САМОФИН.	ДОТАЦИИ	ДОНАЦИИ	КРЕДИТИ
Се зголемуваат приходите на следните потставки:					
А00	**СОВЕТ НА ОПШТИНА**				
744111	Донации од приватни компании	0	0	6.690.600	0
		0	**0**	**6.690.600**	**0**
и се распределуваат на следните расходни потставки:					
НА0	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**				
482930	Реконструкција на други објекти	0		6.690.600	0
		0	**0**	**6.690.600**	**0**

член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Виница за 2026 година а ќе се објави во Службен гласник на Општина Виница.

Бр.09-525
16.04.2026 год.
Виница

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација во Општина Виница

1.Се објавува Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација во Општина Виница, донесен на 8-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 16.04.2026 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-526/2
16.04.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен Весник на РМ број 27/2014, 199/2014,27/16, 35/18, 198/18“ и „Службен Весник на РСМ број 143/19 и 14/20“), член 57 став (4) од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ број 05/2002“ и „Сл. весник на РСМ број 202/2024“), Советот на Општина Виница на 8-та седница одржана на ден 16.04.2026 година, донесе:

ПРАВИЛНИК
За изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација во Општина Виница

Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација во општина Виница бр.10-705 од 01.09.2015 и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација во општина Виница бр. 09-358 од 28.03.2018 година.

Член 2

Во глава II Организација на општинската администрација во член 6, точка 2. Сектор за нормативно-правни, општи работи и јавни дејности **називот се менува и гласи**:
„2. Сектор за нормативно-правни и општи работи“.

Член 3

Во глава II Организација на општинската администрација во член 6, точка 2.2. Одделение за јавни дејности, **се брише**“.

Член 4

Во глава II Организација на општинската администрација во член 6, точка 4. Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности и локален економски развој, **називот се менува и гласи**:
„4. Сектор за урбанизам, заштита на животната средина и локален економски развој“.

Член 5

Во глава II Организација на општинската администрација во член 6, точка 4.2. Одделение за заштита на животната средина, комунални дејности и локален економски развој **називот се менува и гласи:**
„4.2. Одделение за заштита на животната средина и локален економски развој“.

Член 6

Во глава II Организација на општинската администрација во член 6, по потточка 2. 1а Одделение за општи работи **се додава нова точка која гласи**:
„2.а. Сектор за јавни и комунални дејности“.

Член 7

Во глава II Организација на општинската администрација во член 6, по точка 2.а. Сектор за јавни и комунални дејности **се додава нова потточка која гласи**:
„2.а.1. Одделение за јавни дејности“.

Член 8

Во глава II Организација на општинската администрација во член 6, по потточка 2.а.1. Одделение за јавни дејности **се додава нова потточка која гласи**:
„2.а.2. Одделение за комунални дејности“.

Член 9

Во глава II Организација на општинската администрација во член 6, точка 4. Сектор за урбанизам, заштита на животната средина и локален економски развој, потточка 4.2. Одделение за заштита на животната средина, комунални дејности и локален економски развој, **називот се менува и гласи**:
„4.2. Одделение за заштита на животната средина и локален економски развој“.

Член 10

Во глава II. Организација на општинската администрација во член 8, точка 1. Сектор за нормативно – правни, општи работи и јавни дејности, **називот се менува и гласи**:
„Сектор за нормативно – правни и општи работи“.

Член 11

Во глава II. Организација на општинската администрација по член 9.а. точка 1. Одделение за општи работи **се додава нов член 9.б. кој гласи**:

„ Член 9.б.

Сектор за јавни и комунални дејности

Секторот за јавни и комунални дејности ги извршува надлежностите кои се однесуваат на: организирање, координирање, насочување на извршувањето на работите и задачите на општинската администрација и нивно законско, ефикасно, квалитетно, навремено извршување. Ефикасно раководење со секторот преку организирање, насочување и координирање на работата, одржување на колегиум со раководителите во општинската администрација. Учествува во изготвувањето на програмите за работа од области кои ги покрива Секторот и се грижи за нивна реализација. Следење на состојбите во областите на образование, туризам, култура, социјална, здравствена и заштита на децата. Организирање на културни, спортски манифестации, приредби, настани кои се од значење на општината. Континуирано следење на состојбите од областа на комуналните дејности, градбата, градежното земјиште и грижа за нивна примена, реализира годишна програма за уредување на градежното земјиште, пресметување на ТУГЗ согласно основните проекти во процесот на склучување на договори со странките при постапката за добивање на одобренија за градење.“

Член 12

Во глава II. Организација на општинската администрација, по член 10 точка 1. Одделение за јавни дејности, **се додава нов член 10.а. кој гласи**:

„Член 10.а.

Одделение за комунални дејности

Одделението за комунални дејности ги врши работите кои се однесуваат на: иницирање, организирање и координирање на активности кои се однесуваат на изработка и имплементација на Развојни планови за вршење на комунални дејности. Предлага утврдување зони на градежното земјиште, подготовка на проектни задачи, ги следи и реализира прописите поврзани со водоснабдувањето, пречистување на отпадните води, третирање на атмосферските води, ги следи и ги анализира состојбите во областа на комуналната хигиена, подготвува и предлага документи кои се однесуваат на категоризација, нумерирање, именување на инфраструктурни објекти, изградба, реконструкција и одржување на јавното зеленило и комуналната опрема поставена на јавните површини.

Учество во одлучувањето за спроведување на конкретни одлуки за работите што се вршат во одделението по претходни инструкции од повисоко ниво и давање препораки за нивна имплементација“.

Член 13

Во глава II. Организација на општинската администрација, член 14 точка 1. Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности и локален економски развој **се менува и гласи**:

„**Сектор за урбанизам, заштита на животната средина и локален економски развој**

Обезбедување на вршење на работите од подрачјата за кој е формиран Секторот, а кои се поврзани со функциите на Општината, согласно Законот за локалната самоуправа, други закони, прописи и општи акти, како и ефикасно раководење со Секторот; врши непосредна контрола и надзор врз извршувањето на работите; ги распоредува работите и задачите на раководителите на одделенијата; им дава упатство за работа и дава потребна стручна помош во работата и во вршењето на најсложените работи и задачи и го следи текот на извршувањето на работите; ги следи и ги проучува и применува законите и прописите од областа на урбанизмот и заштитата на животната средина; ги следи работите и состојбите во урбанизацијата на просторот на Општината и заштитата на животната средина; покренува иницијативи и предлози за донесување и изменување на Деталните урбанистички планови и урбанистичката документација за населени места; ги анализира и ги обработува барањата и иницијативите на правните и физичките лица во врска со работењето на Секторот и дава стручно мислење во врска со нив; учествува во изготвување на програмите за работи од области кои ги покрива Секторот и се грижи за нивна реализација.“

Член 14

Во глава II. Организација на општинската администрација, член 16 точка 1. Одделение за заштита на животната средина, комунални дејности и локален економски развој **се менува и гласи:**

„Одделение за заштита на животната средина и локален економски развој

Управување со секојдневното работење на одделението за заштита на животната средина и локалниот економски развој и обезбедување на спроведувањето на законските прописи; ја организира, насочува и ја координира работата на одделението, ги распоредува работите и задачите на вработените во одделението; изготвува локални акциони планови од областа на заштита и унапредување на животната средина и се грижи за нивната реализација; пренесува инструкции и ги спроведува дадените насоки и дава упатства за извршување на работите и задачите; врши непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите и задачите од одделението; остварува редовни контакти со другите раководители на одделенија во Секторот и разменува информации и искуства; следи, проучува и применува закони и други прописи од областа на заштита на животната средина; учествува во одлучување за спроведување конкретни одлуки за работите кои се вршат во одделението по претходни инструкции од повисоко ниво и дава препораки за нивна имплементација; учествува во подготвување на информациската и документациската основа за изработка на плановите; учествува во изработката на годишните програми од областа на заштита на животната средина“.

Член 15

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на Правилникот, се вршат измени и дополнувања на графичкиот приказ (органограм) на внатрешната организација на општината, кој е составен дел на овој Правилник.

Член 16

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Виница“, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за јавна администрација.

Број 09-526
16.04.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

179

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Заклучок за усвојување на Финансиски извештај за потрошени финансиски средства во 2025 година, на Кошаркарски клуб „Албатроси“ - Виница

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Финансиски извештај за потрошени финансиски средства во 2025 година, на Кошаркарски клуб „Албатроси“ - Виница, донесен на 8-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 16.04.2026 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-527/2
16.04.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 56 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 8-та седница одржана на ден 16.04.2026 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК

За усвојување на Финансиски извештај за потрошени финансиски средства во 2025 година, на Кошаркарски клуб „Албатроси“-Виница

1.Се усвојува Финансискиот извештај за потрошени финансиски средства во 2025 година, на Кошаркарски клуб „Албатроси“-Виница, одобрени од Советот на општина Виница.

2.Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-527
16.04.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

180

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Заклучок за повлекување на 4-та точка од Дневен ред

1.Се објавува Заклучокот за повлекување на: 4-та точка од Дневен ред Финансиски извештај за работа на Здружение „Лидер-Дуке“ - Виница за 2025 година, за одобрените финансиски средства од Советот на општина Виница, донесен на 8-та седница на Советот на општина Виница одржана на 16.04.2026 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-528/2
16.04.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 8-та седница одржана на ден 16.04.2026 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК
За повлекување на 4-та точка од Дневен ред

1.4-та точка Финансиски извештај за работа на Здружение „Лидер-Дуке“ - Виница за 2025 година, за одобрените финансиски средства од Советот на општина Виница,
се повлекува од Дневниот ред на 8-та седница на Советот, поради недоставени материјали и неприсуство на преставник од Здружението, а ќе биде разгледан со исполнување на законските и процедурни услови за усвојување на истиот.
2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-528
16.04.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

181

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Заклучок за усвојување на Финансиски извештај за потрошени финансиски средства во 2025 година, на Кошаркарски клуб „Винеам“ - Виница

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Финансиски извештај за потрошени финансиски средства во 2025 година, на Кошаркарски клуб „Винеам“ - Виница, донесен на 8-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 16.04.2026 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-529/2
16.04.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 56 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 8-та седница одржана на ден 16.04.2026 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Финансиски извештај за потрошени финансиски средства во 2025 година, на Кошаркарски клуб „Винеам“-Виница

1.Се усвојува Финансискиот извештај за потрошени финансиски средства во 2025 година, на Кошаркарски клуб „Винеам“-Виница, одобрени од Советот на општина Виница.
2.Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-529
16.04.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

182

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Заклучок за усвојување на Финансиски извештај за работа на Здружение за Параглајдинг и планински спортови „Источни крила“ - Виница за 2025 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Финансиски извештај за работа на Здружение за Параглајдинг и планински спортови „Источни крила“- Виница за 2025 година, донесен на 8-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 16.04.2026 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-530/2
16.04.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 56 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 8-та седница одржана на ден 16.04.2026 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Финансиски извештај за работа на Здружение за Параглајдинг и планински спортови „Источни крила“ - Виница за 2025 година

1.Се усвојува Финансискиот извештај за работа на Здружение за Параглајдинг и планински спортови „Источни крила“-Виница за 2025 година, за потрошените финансиски средства одобрени од Советот на општина Виница.
2.Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-530
16.04.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

183

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Заклучок за усвојување на Финансиски извештај за реализација на проект „Frozen Fest 2025“

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Финансиски извештај за реализација на проект „Frozen Fest 2025“, донесен на 8-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 16.04.2026 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-531/2
16.04.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 56 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 8-та седница одржана на ден 16.04.2026 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Финансиски извештај за реализација на проект „Frozen Fest 2025“

1.Се усвојува Финансискиот извештај за реализација на проект „Frozen Fest 2025“, за потрошените финансиски средства одобрени од Советот на општина Виница.
2.Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-531
16.04.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

184

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Заклучок за усвојување на Финансиски извештај за работа на Здружение за единствени приказни Детелина - Виница за 2025 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Финансиски извештај за работа на Здружение за единствени приказни Детелина - Виница за 2025 година, донесен на 8-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 16.04.2026 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-532/2
16.04.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 56 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 8-та седница одржана на ден 16.04.2026 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК

За усвојување на Финансиски извештај за работа на Здружение за единствени приказни Детелина - Виница за 2025 година

1.Се усвојува Финансискиот извештај за работа на Здружение за за единствени приказни Детелина - Виница за 2025 година, за потрошените финансиски средства одобрени од Советот на општина Виница.
2.Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-532
16.04.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

185

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за дополнување на Програма за култура и спорт на Општина Виница за 2026 година

1.Се објавува Одлуката за дополнување на Програма за култура и спорт на Општина Виница за 2026 година, донесена на 8-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 16.04.2026 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-533/2
16.04.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 8-та седница одржана на ден 16.04.2026 година, донесе:

ОДЛУКА

За дополнување на Програма за култура и спорт на Општина Виница за 2026 година

Член 1

Се врши дополнување на Програмата за култура и спорт на општина Виница за 2026 година, број 09-1255 од 29.12.2025 година.

Член 2

Во Забелешка во Програмата во ставот 1 се додава: „Организирање на матурска прослава за матурантите од СОУ „Ванчо Прке“-Виница“.

Член 3

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-533
16.04.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

186

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за продолжување работното време на Макпрогрес ДОО Виница, Подружница Хотел ресторан Александар Парк - Виница

1.Се објавува Одлуката за продолжување работното време на Макпрогрес ДОО Виница, Подружница Хотел ресторан Александар Парк - Виница, донесена на 8-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 16.04.2026 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-534/2
16.04.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за угостителската дејност („Сл.весник на РМ број 62/2004, 89/2008, 115/2010, 53/2011, 141/2012, 164/2013, 187/2013, 166/2014, 199/2014, 129/2015, 192/2015, 39/2016, 53/2016 и 71/2016“ и „Сл.весник на РСМ број 31/2020“), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), а по Барање број 03-536/1 од 12.03.2026 година, Наш број 09-348 од 12.03.2026 година, Советот на општина Виница на 8-та седница оддржана на ден 16.04.2026 година, донесе:

ОДЛУКА

За продолжување работното време на Макпрогрес ДОО Виница, Подружница Хотел ресторан Александар Парк - Виница

Член 1

Поради оранизирање на матурска прослава за матурантите од СОУ „Ванчо Прке“-Виница, работното време на Макпрогрес ДОО Виница, Подружница Хотел ресторан Александар Парк - Виница, со адреса ул.„Маршал Тито“ број 105, на ден 15.05.2025 година (петок) спрема 16.05.2025 година (сабота), се продолжува за два часа покасно односно до 03:00 часот по полноќ.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-534
16.04.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

187

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Заклучок за разгледување на Информација за безбедноста и квалитетот на водата од градскиот водовод и други јавни водоснабдителни објекти во општина Виница во 2025 година

1.Се објавува Заклучокот за разгледување на Информација за безбедноста и квалитетот на водата од градскиот водовод и други јавни водоснабдителни објекти во општина Виница во

2025 година, донесен на 8-та седница на Советот на општина Виница одржана на 16.04.2026 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-535/2
16.04.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 56 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 8-та седница одржана на ден 16.04.2026 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК
За разгледување на Информација за безбедноста и квалитетот на водата од градскиот водовод и други јавни водоснабдителни објекти во општина Виница во 2025 година

1.Советот на општина Виница ја разгледа Информацијата за безбедноста и квалитетот на водата од градскиот водовод и други јавни водоснабдителни објекти во општина Виница во 2025 година.
2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-535
16.04.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

188

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за здравствена безбедност на водата за пиење во с.Пекљани, с.Драгобраште, с.Калиманци, с.Виничка Кршла и с.Градец

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за здравствена безбедност на водата за пиење во с.Пекљани, с.Драгобраште, с.Калиманци, с.Виничка Кршла и с.Градец, донесен на 8-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 16.04.2026 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-536/2
16.04.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 56 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 8-та седница одржана на ден 16.04.2026 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Извештај за здравствена безбедност на водата за пиење во с.Пекљани, с.Драгобраште, с.Калиманци, с.Виничка Кршла и с.Градец

1.Се усвојува Извештајот за здравствена безбедност на водата за пиење во с.Пекљани, с.Драгобраште, с.Калиманци, с.Виничка Кршла-маало Мечкаре и с.Градец.
Советот на општина Виница го разгледа и Известувањето од ЈЗУ центар за јавно здравје - Кочани, број 05-96/1 од 30.03.2026 година, за неисправна анализа на водата во с.Крушево, с.Трстија, с.Трсино и с.Виничка Кршла-Јуручко маало, која не одговара на законските и стручните прописи во однос на испитаните параметри за физичко-хемиска анализа, поради зголемена потрошувачка на Калиум перманганат и се препорачува водата да не се употребува за пиење, за што е известено и населението од овие населени места.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-536
16.04.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

189

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Заклучок за повлекување на 13-та точка од Дневен ред

1.Се објавува Заклучокот за повлекување на: 13-та точка од Дневен ред Барање од Благој Трајчов од Виница на финансиска помош, за телесно оштетување, донесен на 8-та седница на Советот на општина Виница одржана на 16.04.2026 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-537/2
16.04.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 8-та седница одржана на ден 16.04.2026 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК

За повлекување на 13-та точка од Дневен ред

1.13-та точка Барање од Благој Трајчов од Виница на финансиска помош, за телесно оштетување,
се повлекува од Дневниот ред на 8-та седница на Советот, бидејќи со Одлука од Градоначалникот на општина Виница му се одобрени и исплатени финансиски средства во месец јануари 2026 година.
Согласно член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за доделување еднократна парична помош на физички лица во Општина Виница, број 09-449 од 27.03.2026 година, доколку се утврди дека за истата намена е одобрена парична помош или друга помош од страна на Градоначалникот на општина Виница, Советот на општина Виница нема да одобрува парична помош, поради иста намена.
2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-537
16.04.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

190

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Заклучок за повлекување на 14-та точка од Дневен ред

1.Се објавува Заклучокот за повлекување на: 14-та точка од Дневен ред Барање од Лидија Трајчева од Виница на финансиска помош, за лекување, донесен на 8-та седница на Советот на општина Виница одржана на 16.04.2026 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-538/2
16.04.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 8-та седница одржана на ден 16.04.2026 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК
За повлекување на 14-та точка од Дневен ред

1.14-та точка Барање од Лидија Трајчева од Виница на финансиска помош, за лекување,
се повлекува од Дневниот ред на 8-та седница на Советот, за доставување на дополнителни документи согласно Правилникот за критериумите и постапката за доделување еднократна парична помош на физички лица во Општина Виница, број 09-449 од 27.03.2026 година.
Потребните документи да се достават во рок од 30 дена од денот на приемот на овој Заклучок.
2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-538
16.04.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

191

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Одлука за одобрување финансиска помош на Нури Салиов од Виница, за лекување поради трајна физичка и психичка попреченост

1.Се објавува Одлуката за одобрување финансиска помош на Нури салиов од Виница, за лекување поради трајна физичка и психичка попреченост, донесена на 8-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 16.04.2026 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-539/2
16.04.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), а по Барање број 09-495 од 06.04.2026 година, согласно Правилникот за критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица, број 09-449 од 27.03.2026 година, Советот на општина Виница на 8-та седница одржана на ден 16.04.2026 година, донесе:

ОДЛУКА
За одобрување финансиска помош на Нури Салиов од Виница, за лекување поради трајна физичка и психичка попреченост

Член 1
На Нури Салиов од Виница, со стан на ул.„Македонска“ број 8, со ЕМБГ хххххххххххх, се одобрува финансиска помош во висина од 5.000,00 денари, за лекување поради трајна физичка и психичка попреченост.
Член 2
Финансиските средства да се преведат на сметка 210501724285823 НЛБ банка.
Член 3
Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-539
16.04.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

192

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број

202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за неусвојување на Барање од Тарик Рамаданов од Виница за одобрување на градежен материјал, за изградба на една соба за живеење

1.Се објавува Одлуката за неусвојување на Барање од Тарик Рамаданов од Виница за одобрување на градежен материјал, за изградба на една соба за живеење, донесена на 8-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 16.04.2026 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-540/2
16.04.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), а по Барање број 09-493 од 06.04.2026 година, Советот на општина Виница на 8-та седница одржана на ден 16.04.2026 година, донесе:

ОДЛУКА

За неусвојување на Барање од Тарик Рамаданов од Виница за одобрување на градежен материјал, за изградба на една соба за живеење

Член 1

Не се усвојува Барањето од Тарик Рамаданов од Виница за одобрување на градежен материјал, за изградба на една соба за живеење бидејќи не ги исполнува условите предвидени во Правилникот за критериумите и постапката за доделување еднократна парична помош на физички лица во Општина Виница, број 09-449 од 27.03.2026 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-540
16.04.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

193

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за одобрување финансиски средства по Барање од МЗ Драгобраште и МЗ Крушево

1.Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства по Барање од МЗ Драгобраште и МЗ Крушево, донесена на 8-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 16.04.2026 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-541/2
16.04.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/2002“ и „Сл.весник на РСМ број 202/2024“), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), а по Барање број 09-513 од 09.04.2026 година, Советот на општина Виница на 8-та седница одржана на ден 16.04.2026 година, донесе:

ОДЛУКА

За одобрување финансиски средства по Барање од МЗ Драгобраште и МЗ Крушево

Член 1

По Барање од МЗ Драгобраште и МЗ Крушево, се одобруваат финансиски средства во висина од 200.000,00 денари, за набавка на градежни материјали (цемент, железо и оплати), за изградба на зафат на река Железница за решавање на проблемот со водоснабдувањето на жителите од с.Драгобраште и с.Крушево, општина Виница.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-541
16.04.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

194

Содржина

2.....Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Виница за 2026 година.
Решение за објавување.
3.....Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација во Општина Виница.
Решение за објавување.
5.....Заклучок за усвојување на Финансиски извештај за потрошени финансиски средства во 2025 година, на Кошаркарски клуб „Албатроси“-Виница.
Решение за објавување.
6.....Заклучок за повлекување на 4-та точка од Дневен ред.
Решение за објавување.
6.....Заклучок за усвојување на Финансиски извештај за потрошени финансиски средства во 2025 година, на Кошаркарски клуб „Винеам“-Виница.
Решение за објавување.
7.....Заклучок за усвојување на Финансиски извештај за работа на Здружение за Параглајдинг и планински спортови „Источни крила“- Виница за 2025год.
Решение за објавување.
7.....Заклучок за усвојување на Финансиски извештај за реализација на проект „Frozen Fest 2025“.
Решение за објавување.
8.....Заклучок за усвојување на Финансиски извештај за работа на Здружение за единствени приказни Детелина-Виница за 2025 година.
Решение за објавување.
8.....Одлука за дополнување на Програма за култура и спорт на Општина Виница за 2026 година.
Решение за објавување.
9.....Одлука за продолжување работното време на Макпрогрес ДОО Виница, Подружница Хотел ресторан Александар Парк-Виница.
Решение за објавување.
10.....Заклучок за разгледување на Информација за безбедноста и квалитетот на водата од градскиот водовод и други јавни водоснабдителни објекти во општина Виница во 2025 година.
Решение за објавување.
10.....Заклучок за усвојување на Извештај за здравствена безбедност на водата за пиење во с.Пекљани, с. Драгобраште, с.Калиманци, с.Виничка Кршла и с.Градец.
Решение за објавување.
11.....Заклучок за повлекување на 13-та точка од Дневен ред.
Решение за објавување.
12.....Заклучок за повлекување на 14-та точка од Дневен ред.
Решение за објавување.
12.....Одлука за одобрување финансиска помош на Нури Салиов од Виница, за лекување поради трајна физичка и психичка попреченост.
Решение за објавување.
13.....Одлука за неусвојување на Барање од Тарик Рамаданов од Виница за одобрување на градежен материјал, за изградба на една соба за живеење.
Решение за објавување.
13.....Одлука за одобрување финансиски средства по Барање од МЗ Драгобраште и МЗ Крушево.
Решение за објавување.